ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО-МАКЕДОНИЈА
Бр. 11-760/1
26.9.2011 год.
СКОПЈЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

ТМ
ТРАНСПАРЕНТНОСТ МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ

До: Претседателот на Собранието на Република Македонија
Пратениците во Собранието на Република Македонија

Датум: Скопје, 23.09.2011 година

Предмет: **Барање за спроведување на јавна дискусија за Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политички партии**

Почитувани пратеници,

Ви се обраќаме за да ја изразиме нашата загриженост околу недостатоците на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за финансирање на политички партии кој е веќе во собраниска процедура, во прво читање на Седницата бр.10 започната на 19.09.2011 год. Сметаме дека станува збор за Предлог-закон кој е од поширок интерес и бараме од вас да одлучите да се спроведе јавна дискусија по овој предлог, согласно член 145 од Деловникот на Собранието на РМ. Имено, предвидените измени предлагачот ги образложува со усогласување на постојната законска рамка со препораките на ГРЕКО (Група на држави против корупцијата), за кои сметаме дека не само што не се прифатени во Предлог-законот, туку во голема мера и се заобиколени. Република Македонија е членка на ГРЕКО од 2000 година и во период од 10 години во три наврати беше предмет на евалуација, и тоа во 2002, 2005 и последната во 2009 година.

Во последната односно третата евалуација, посебната тема II се однесува на транспарентност во финансирањето на политичките партии. Препораките кои беа упатени од страна на ГРЕКО до РМ за посебната Тема II ги идентификуваат следниве потреби:

1. Да се воведат јасни одредби кои го утврдуваат **отпочнувањето на изборна кампања** со оглед на обврската да се има посебна сметка за кампањите и финансиски извештаи за кампањите и да се прошири периодот на финансиско упатување што се применува за изборните кампањи со цел финансиската активност во текот на овој период да е прецизно и сеопфатно евидентирана,

2. Да се измени и дополни Изборниот законик со цел да се обезбеди стоките и услугите што им се даваат на организаторите на изборните кампањи по намалени цени соодветно да се

идентификуваат и пресметаат по пазарна вредност, како **донации** со цел да се спречи заобиколувањето на правилата за горната граница на донациите,

3. Да се зголеми **транспарентноста на сметките** и активностите на телата поврзани, директно или индиректно, или се под контрола на политичките партии, и соодветно сметките на таквите тела да бидат вклучени во сметките на политичките партии,

4. Да се обезбеди соодветно информирање за важечката регулатива за политичко финансирање на **сите политички партии** (на пр. преку обезбедување на обука/насоки), особено што се однесува до сметководствените аспекти,

5. Да се воспостави **раководно независно тело**, потпомогнато од други тела, со мандат и соодветни надлежности и ресурси да спроведува проактивен и ефективен надзор, истрага и спроведување на регулативата за финансирање на политички партии

6. Да се обезбеди механизмот за **примена на казнените мерки** за повреди на правилата за политичко финансирање да функционира на ефективен начин во пракса, и пред сè да се овозможи казнената мерка на губење на државните средства за политичките партии и организаторите на изборни кампањи да се примени во пракса.

Врз основа на наведените препораки од ГРЕКО, кои треба да бидат имплементирани од страна на Владата на Република Македонија до 30 септември 2011 г., се предложени повеќе Предлог – заклучоци од кои за Тема II – Транспарентност во финансирањето на политичките партии се значајни следните:

- да се изготват измени во Изборниот законик и Законот за финансирање на политичките партии во насока на реализација на Препораките 1 и 2,

- се задолжуваат Министерството за правда и Министерството за финансии да преземаат мерки за реализација на Препораките 3 и 4,

- реализирањето на Препораката 5 е обврска на Министерството за финансии, т. е., изготвување на предлог за определување на институција која ќе врши надзор над финансирањето на политичките партии и изборните кампањи.

- Остварувањето на Препораката 6 е во надлежност на Министерството за правда и Државната изборна комисија. Нивната задача се состои во преземање на активности за практична примена за решенијата за санкционирање на прекршителите на законските норми. Се потенцира потребата за примена на мерката – губење на државни средства за политички партии и организатори на изборните кампањи.

Она што особено не' загрижува е дека со овој Предлог-закон не се усвојуваат препораките на ГРЕКО и дека предвидените мерки и измени не водат ниту кон зголемување на транспарентноста во финансирањето на политичките партии ни кон обезбедување на целосна и ефикасна контрола врз финансиското работење на политичките партии. Во таа смисла, бараме јавна расправа на која ќе се дискутираат предложените законски решенија. Нашите забелешки се детално прикажни во текстот подолу.

Со почит,

За Фондацијата Отворено општество – Македонија

Владимир Милчин,
Извршен директор

За Транспарентност Македонија

Ана Јаневска-Делева,
Извршен директор

---

- **Измените не гарантираат ефикасен контролен механизам на финансиското работење на политичките партии**

Членот 26 од важечкиот закон за финансирање на политичките партии предвидува надзорот над финансиско - материјалното работење на политичките партии да го вршат Министерството за финансии и Државниот завод за ревизија согласно со законските прописи. Предвидената измена, во член 7, го исклучува Министерството за финансии од овој надзор. Понатаму, со член 8 се предвидува измена на важечкиот член 27, во кој се вметнува нов став со кој му се дава надлежност на Државниот завод за ревизија да поднесе барање за поведување на прекршочна постапка или пријава до надлежниот јавен обвинител доколку утврди неправилности во годишните извештаи на политичките партии. Меѓутоа, сметаме дека со оваа одредба не се зајакнува доволно контролата врз финансиското работење на партиите и што е навистина загрижувачко е дека ниту со оваа, трета по ред измена на законот не се предвидува задолжителна контрола врз финансиското работење на истите. Имено, согласно Законот за државна ревизија[1], државниот ревизор изготвува годишна програма со која утврдува кои политички партии ќе подлежат на ревизија во тековната година. Па така, за 2011 година државниот ревизор одлучил да изврши ревизија на десет политички партии[2], додека во Република Македонија во првата половина на

[1] Член 9 и член 22, Закон за државната ревизија, Службен весник на РМ, бр. 66/2010
[2] Годишна програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2011 година, декември 2010

2011 година[3] беа активни педесет и пет политички партии запишани во Единствениот судски регистар на политички партии. Во таа смисла, и согласно препораката бр. 5 на ГРЕКО сметаме дека Република Македонија, односно Министерството за правда и Министерството за финанси, треба да обезбедат соодветни средства и помошни тела кои ќе можат да изведуваат целосна и ефикасна контрола, притоа имајќи ги предвид обврските и обемот на надлежности на Државниот завод за ревизија.

- **Поедноставената постапка за поднесување и објавување на финансиските извештаи не значи афирмирање на транспарентноста во финансирањето на политичките партии**

Важечката обврска на политичките партии за поднесување на квартални извештаи за добиените донации ја сметаме за соодветна и во насока на зголемување на транспарентноста во финансирањето на истите. Ова задолжение овозможува потемелно следење на финасиските активности на политичките партии, како од надлежните институции така и од граѓаните. Кварталните извештаи им овозможуваат на одговорните тела да увидат возможни неправилности во текот на целата година и соодветно да реагираат согласно предвидените законски одредби. Притоа, сметаме дека оваа обврска не предизвикува финасиски терет за партиите, туку напротив им користи во смисла на тоа што ги поттикнува на континурирано и законско водење на финансиските работи. Од друга страна, кварталните извештаи за добиените донации им овозможуваат на граѓаните постојано следење на приливот на средства кај политичките партии со што во вистинска смисла на зборот, а не само декларативно се обезбедува транспарентност во овој значаен сегмент од политичкото дејствување.
Во таа насока е и нашата забелешка околу исклучувањето на обврската за објавување на регистарот на донации на политичките партии во дневните весници. Со предложените измени обврската за објавување се ограничува на веб страниците на политичките партии и се додава „и на друг начин да го направат достапен за јавноста", решение кое е во целост нејасно. Проблемот со оваа обврска е што значитечен број од активните политички партии во Република Македонија немаат изготвено веб страници, и одлуката за тоа како ќе и овозможат на јавноста да има увид во реистарот на донации останува на нив, без да им се дадат на партиите соодветни насоки. Оттука, реално е да се очекува дека оваа обврска за јавност на добиените донации, споредено со сегашните состојби, уште повеќе ќе биде занемарена. За нас е неприфатливо да им се ускрати или намали на граѓаните можноста за континуриано следење на овие значајни информации.

- **Што е со останатите препораки на ГРЕКО?**

Покрај погоре детално образложените забелешки, повторно го посочуваме генералниот недостаток на предложениот закон, а тоа е минималното усвојување на препораките на ГРЕКО. Препораката 4 е целосно занемарена,

[3] Состојба од 13.05.2011

што го доведува во прашање имплементирањето на законските одредби врзани со финансирањето на политичките партии. Токму препораката 4, која се однесува на изнаоѓање на начините за информирање и обучување за сметководствените аспекти на политичките партии е важен предуслов за целосното почитување на законите од оваа област и непреченото и ефикасно дејствување на надлежните институции. Во Предлог-законот недостасува одредба за уредување на оваа обврска која по примерот на Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниви дела и финансирање на тероризам би можела да биде регулирана со обврска за помагање и учествување во усовршување на одговорните лица кај политичките партии за сметководствените аспекти.

Во таа насока е и препораката 6, која ги нотира недостатоците на механизмот за примена на казнените мерки за повреди на правилата за политичко финансирање. Предвидените измени не вклучуваат подобрување на овој механизам што е уште една потврда за исклучиво декларативната определба да се подобри и целосно уреди финансирањето на политичките партии.